Тековни проекти финансирани од Банката за развој при Советот на Европа

јануари 2022

| Назив на Проект | Цел на Проектот | Вредност на заем (Мил. Евра) | Година на почеток на Проектот |
|---|---|---|---|
| Проект за реконструкција на казнено-поправни институции | Целта на Проектот е да се развие и надгради казнено-поправната инфраструктура, преку подобрување на физичките услови во затворите како за затворениците така и за вработените, обезбедување на поголем капацитет на кривично-поправниот и воспитно-поправниот систем и подобрување на почитувањето на човековите права од страна на казнено-поправните установи во согласност со европските стандарди и затворските правила. | 46 | 2010 |
| Проектот за изградба на фискултурни сали во основните училишта и рехабилитација на основните и средните училишта во Република Македонија | Проектот има за цел унапредување на физичкото образование, како и подобрување на севкупните услови за учење на учениците во основните и средните училишта. Овој Проект се состои од две компоненти: 1) изградба и опремување на 70 фискултурни сали во основни училишта во насока на подобрување на физичката подготвеност и здравјето на учениците, а со тоа и нивната способност за исполнување на образовните цели и обврски; и 2) реновирање на околу 240 основни и средни училишта во насока на обезбедување соодветна околина за образовната дејност. | 30 | 2011 |
| Проект за изградба и модернизација на Регионална клиничка болница во Штип | Со проектот е предвидена изградба на регионалната Клиничка Болница во Штип, со цел подобрување на квалитетот, брзината и континуитетот во обезбедувањето на здравствените услуги во источниот здравствен регион. | 26,9 | 2015 |